Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), и член 10 став (6) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 септември 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 08-103/20 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.165/20 и 294/20), издадено на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, се продолжува до 4 јуни 2024 година.

2. Ова решение да се достави до Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид, согласно член 10, став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 8 јули 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-103/20.

Регулаторната комисија за енергетика на 18 јуни 2020 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО“ со планирана моќност од 1998 kW и со локација на КП 552/7, КО Сарамзалино, општина Лозово, на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДООЕЛ, Охрид, со седиште на ул. 7-ми НОЕМВРИ бр.187, Охрид, УП1 бр. 08-103/20 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.165/20), кое е со важност до 18.06.2023 година. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-103/20 година од 18 јуни 2020 година е утврдена согласно член 8 став (2) точка 2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.116/19), во кој е наведено дека рокот во кој термоелектроцентрала на биогас треба да биде пуштена во употреба изнесува 3 (три) години од денот на влегување во сила на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 декември 2020 година одржа седница на која донесе Решение за изменување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биогас „БИОГАС САРАМЗАЛИНО“ со планирана

моќност од 1998 kW и со локација на КП 552/7, КО Сарамзалино, општина Лозово, со кое е направена промена во називот на друштвото, од „Друштво за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДООЕЛ, Охрид“ во „Друштво за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид“ УП1 бр. 08-103/20 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/20).

Регулаторната комисија за енергетика на 22 април 2021 година донесе Правилник за изменување и дополнување на правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.93/21). Согласно членот 9 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа со кој се менува членот 8 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.116/19), рокот во кој термоелектроцентрала на биогас треба да биде пуштена во употреба се утврдува да изнесува (три) години од денот на правосилност на одобрение за градење за електроцентралата, или друг документ издаден согласно прописите од областа на градењето за електроцентралата.

Во членот 21 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа е наведено дека решенијата за стекнување на привремен статус на повластен производител кои се издадени пред влегување во сила на овој правилник, Регулаторната комисија за енергетика ќе ги усогласи со член 9 од овој правилник.

Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-103/20 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.165/20 и 294/20) е донесено согласно Одобрение за градење со бр.28 УП-81/2020 Е од 18 мај 2020 година издадено од Министерството за транспорт и врски, со правосилност од 4 јуни 2020 година.

Во поднесеното Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид е образложено дека во текот на реализацијата на градбата се соочиле со значајни застои кои влијаеле на реализацијата на проектот и тоа: решавање на имотни односи, застој во динамиката на изведувачите/добавувачите поради ситуацијата со Ковид19 и измени во проектната документација. Во прилог на барањето, друштвото достави:

- Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба, солемнизиран од Нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе – ОДУ бр.313/21
- Известување од Делта – пром со бр.0507-003/11 од 8 јуни 2022 година за задоцнување при изведба на градежните работи, како последица на Ковид19, економската и енергетската криза и зголемувањето на цените,
- Известување од ЕМС за задоцнување при изведба на електромашинската инсталација, како последица на Ковид19, економската и енергетската криза и зголемувањето на цените.

Во врска со поднесеното Барање УП1 бр. 08-103/20 од 8 јули 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека доставената документација во прилог известувањето не е во согласност со член 10 од Правилникот и за тоа го извести Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид.

По укажувањето од страна на стручните служби на Регулаторната комисија за енергетика, Друштвото за производство, трговија и услуги БИО ЕНТЕРПРАЈС ДОО, Охрид на 22 јули 2022 година достави:

- Тековна состојба издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија од 21 јули 2022 година.

Имајќи го во предвид членот 21 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, членот 8 став (1) точка 3) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, како и Одобрението за градење бр.28 УП-81/2020 Е издадено од Министерство за транспорт и врски

на Република Северна Македонија со правосилност од 4 јуни 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-103/20**
**15 септември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**